**20241712981**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 41 став (7) од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/23), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПРОПРАТНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ЧИСТОКРВНА ПРИПЛОДНА ЖИВИНА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ЧИСТОКРВНА ПРИПЛОДНА ЖИВИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето и пропратната документација за упис во Регистарот на чистокрвна приплодна живина, како и формата и содржината на Регистарот на чистокрвна приплодна живина.

Член 2

(1) Барањето за регистрирање во Регистарот на чистокрвна приплодна живина се поднесува на образец во А4 формат отпечатен на хартија во бела боја или во електронска форма.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 2 став (1) од овој правилник се доставуваат:

1) Решение и тековна состојба од Централениот регистар на Република Северна Македонија;

2) Изјава од правното лице за регистрирање во Регистарот на чистокрвна приплодна живина, дека има објекти за чување на опрема наменета за реализирање на активностите предвидени со одгледувачката програма заверена на нотар;

3) Одгледувачка програма за чистокрвна приплодна живина и

4) Образец М1 и М2 за вработено лице во оригинал или договор за професионален ангажман заверен на нотар за минимум едно лице со ниво на квалификации и минимум VII/1 според македонската рамка на квалификации од полето добиточно производство (сточарство).

Член 4

(1) Регистарот на одгледувалишта на чистокрвна приплодна живина се води во електронска форма на евиденциски листови во А4 формат во бела боја.

(2) Формата и содржината на Регистарот на одобрените одгледувалишта на чистокрвна приплодна живина се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 31-2092/4 | Министер за земјоделство, |
| 15 август 2024 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Цветан Трипуновски,** с.р. |

**Прилог 1**

**До**
**Министерството за**
**земјоделство,шумарство и водостопанство**

**Барање за регистрирање во Регистарот на чистокрвна приплодна живина**

1. Назив на правното лице
2. Седиште на правното лице
3. Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) на правното лице
4. Име и презиме на одговорното лице во правното лице
5. Контакт телефон
6. Датум и место на поднеесување на барањето
7. Кон барањето се доставува следната документација:

Подносител на барањето

Скопје

........... година

МП.

**Прилог 2**

## Регистар на одобрените одгледувалишта на чистокрвна приплодна живина

## ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ

**РЕДЕН БРОЈ _____, СТРАНА____**

Назив на одгледувалиште

______________________________________________

Седиште на одгледувалиште

______________________________________________

ЕМБС на правното лице

______________________________________________

Решение за одобрување на одгледувалиште

______________________________________________

Датум на регистрација

______________________________________________

Подвид на живината кои се одгледува

______________________________________________

Генетска линија на живината

______________________________________________

Годишен капацитет на производство на јато

______________________________________________

Назив на одгледувачка програма на чистокрвна приплодна живина

______________________________________________

Други специфични податоци

| |
|---|
| |
| |
| |